РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 1266/4
14.10. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 117 став (3) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), а во врска со членовите 26 и 56 став (2) од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Собранието на Нотарска комора на Република Северна Македонија на **XXIII - та вонредна седница** одржана на **14.10.2023 година**, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА НОТАРСКА АКАДЕМИЈА НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Со оваа одлука, Собранието на Нотарската комора на Република Северна Македонија ја основа Нотарската академија (во натамошниот текст: Академијата) како орган на Нотарската комора, надлежен за стручна наобразба, усовршување и унапредување на знаењата на нотарите, на кандидатите за идни нотари и на стручните служби во нотаријатот во сите области на нивното работење.

### ЦЕЛИ НА НОТАРСКАТА АКАДЕМИЈА

**Член 2**

Академијата се основа за обезбедување на:

-Континуирано стручно, професионално и ефикасно извршување на нотарската служба,

-за стручна едукација и усовршување на нотарите, на кандидатите за идни нотари и на стручните служби во нотаријатот за развој на правото,

-следење и предлагање на прописи,

-афирмација на професионалниот статус и интереси на нотарите, и

-потикнување и остварување на меѓународната соработка и размена на искуства во нотаријатите.

### ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА НОТАРСКАТА АКАДЕМИЈА

**Член 3**

Основни задачи на Академијата се:

-Вршење континуирано стручно усовршување и обука заради унапредување на знаењата на нотарите,

-организирање на стручни, научни конференции и едукативни собири и семинари наменети за понатамошно стручно усовршување на нотарите и стручните служби во нотаријатот,

-вршење обука на кандидати за идни нотари,

-следење на развојот на правото во областите од интерес за нотаријатот, на домашно и меѓународно ниво и

-организирање обуки за полагање на нотарски испит.

**Член 4**

Заради успешно извршување на своите задачи, Академијата креира едукативни програми и соработува со Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители, професори од високообразовните установи, судии и јавни обвинители, државни правобранители, народен правобранител, органи на државната управа, други вршители на правосудни дејности, здруженија и други организации кои вршат обуки од областа на правото, сродни здруженија и Нотарски комори од странство, како и со други професионални институции и организации.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА НОТАРСКАТА АКАДЕМИЈА

**Член 5**

(1) Академијата има претседател и членови кои ги именува и разрешува Управниот одбор на Комората, со мандат од три години.

(2) Членовите на Академијата се организираат во совет и други тела утврдени со Правилник.

(3) Организационо-техничките работи на Академијата ги врши секретар, кој го именуваат и разрешуваат членовите на Академијата од редот на дипломирани правници со положен правосуден испит вработени во Стручната служба на Нотарската комора, со мандат од три години.

**Член 6**

(1) Претседателот на Академијата ја претставува, раководи со работата и ги спроведува одлуките на Академијата.

(2) За претседател на Академијата се именува член на Академијата од редот на активните нотари.

(3) За член на Академијата се именува активен или пензиониран: нотар, универзитетски професор од правен факултет, судија, јавен обвинител и друг истакнат правник.

(4) Членовите на Стручниот совет на Нотарската комора и неговите надворешни соработници можат да бидат именувани за претседател и за членови на Академијата.

(5) За извршување на своите задачи, Академијата може да ангажира и други надворешни лица.

(6) Бројот и структурата на членовите на Академијата го утврдува Управниот одбор на Нотарската комора.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА НОТАРСКАТА АКАДЕМИЈА

**Член 7**

(1) Академијата се финансира од:

-Средствата и фондовите на Нотарската комора,

-котизација и надомест за обуки,

-дополнителни извори на финансирање, грантови, донации, подароци и др.

(2) Средствата на Академијата се чуваат на посебна сметка на Нотарската комора и се наменети за остварување и унапредување на работата на Академијата.

**Член 8**

Надзор над работењето на Академијата врши Управниот одбор на Нотарската комора, а во однос на материјално - финансиското работење на Академијата надзорот го врши Надзорниот одбор на Нотарската комора.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Структурата на организацијата, правилата за работа и другите прашања во врска со работата на Академијата се уредуваат со Правилник за работа на Нотарската академија, што ќе го донесе Управниот одбор на Нотарската комора, во рок од шест месеци од денот на донесувањето на оваа одлука.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена на огласната табла и на веб страницата на Нотарската комора.

**СОБРАНИЕ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
**Претседател**
**Методија Ристоски**